**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локалните делници “2“ и “3“ во н.м. Лажани и делница “1“ во н.м. Житоше во Општина Долнени“**

**Опис на проектот**

Проектните активности за реконструкција на локалните делници “2“ и “3“ во н.м. Лажани и делница “1“ во н.м. Житоше ќе се одвиваат во Општина Долнени. Општина Долнени е лоцирана во централното подрачје на Република Северна Македонија. Граничи со Општина Чашка на североисток, Општина Прилеп на југоисток, Општина Кривогаштани на југ, Општина Крушево на југозапад и Општина Македонски Брод на северозапад. Според последниот национален попис во 2021 година, Општина Долнени има 13.126 жители.

**Локални делници “2“ и “3“ во населено место Лажани**

Активностите за реконструкција на локалните делници “2“ и “3“ ќе се одвиваат во н.м Лажани во западниот дел на Општина Долнени.

Локална делница “2“

Локалната делница “2“ е со должина од 687,28 m и ширина од 5,5 m. Трасата започнува на исток, во близина на реката Саждеица, која тече јужно од локалната делница “2“, и завршува на запад, исто така во близина на реката Саждеица. Улицата е во лоша состојба и е земјена, со видливи оштетувања. Вдолж улицата во главно се присутни куќи. Повеќе дрвени и бетонски бандери се присутни вдолж оваа улица и тие ќе биде потребно да се отстранат, согласно Основниот Проект. Не се предвидува проширување на улицата во Основниот Проект. Вдолж улицата поставени се неколку привремени објекти како што се постројки за сушење на тутун и земјоделска опрема кои можеби ќе треба да се отстранат.

Локална делница “3“

Локалната делница “3“ е со должина од 537,78 m и ширина од 5,5 m. Трасата започнува во центарот на населеното место Лажани во близина на џамијата, има југо-западен правец и завршува на раскрсницата помеѓу проектната улица и локалниот пат 512 кој ги поврзува населените места Лажани и Житоше. Вдолж делницата “3“ во главно има куќи, како и земјоделски површини од двете страни на улица. Во близина на почетокот на трасата има локален маркет. Локалната делница е во лоша состојба со земјен пат и видливи оштетувања. Не се предвидува проширување на улицата согласно Основниот Проект. Вдолж улицата поставени се неколку привремени објекти како што се постројки за сушење на тутун и земјоделска опрема кои можеби ќе треба да се отстранат.

**Локална делница “1“ во населено место Житоше**

Проектните активности за реконструкција на локалната делница “1“ ќе се одвиваат во населеното место Житоше во Општина Долнени. Проектната делница има должина од 665,11 m и е со правец југ-север. Трасата започнува на раскрсницата на проектната улица со постоечки асфалтен пат, а завршува како земјен пат. Улицата минува главно покрај куќи. Куќите се оградени делумно со бетонски, делумно со жичени огради. Проектната делница е делумно асфалтирана, но е во лоша состојба со видливи оштетувања. Дел од трасата која е земјена претрпува дополнителни оштетувања при обилни врнежи на дожд. На околу 200 m пред крајот на делницата, патот минува преку Житошка Река преку мост кој нема да биде опфатен со активностите за реконструкција. Мостот е со должина од не повеќе од 4 m. Не се предвидува проширување на улицата во Основниот Проект.

**Електронската верзија на “Реконструкција на локалните делници “2“ и “3“ во н.м. Лажани и делница “1“ во н.м. Житоше во Општина Долнени“е достапна на следниве веб-страни:**

- Општина Долнени (http://www.opstinadolneni.gov.mk/en/frontpage/)
- МТВ/ЕИП: http://mtc.gov.mk/ или  www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар** * | |

| | |
|---|---|
| **Контакт информации*** | **Е-пошта**:<br>________________________________<br>Тел:<br>________________________________ |

**Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА**:

| | |
|---|---|
| **Потпис**<br>________________________ | **Дата**<br>_____________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за "Реконструкција на локалните делници "2" и "3" во н.м. Лажани и делница "1" во н.м. Житоше во Општина Долнени " ,ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски**

**e-mail:** joze.jovanovski.piu@mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за "Реконструкција на локалните делници "2" и "3" во н.м. Лажани и делница "1" во н.м. Житоше во Општина Долнени"**

**(датум на објава: 24.10.2023 )**

**Референтен број**: ________________________________

(**пополнето од страна на одговорните лица за спроведување на проектот**)